Д-р Марија ТАШЕВА

# ЦРКВИТЕ ВО АКУЛТУРАЦИОНИТЕ ПРОЦЕСИ НА БАЛКАНОТ

Сите истражувања на религиозноста кај македонското население откриваат во неговиот став кон верата и неговото однесување две навидум противречни тенденции – од една страна високо изразена конфесионална идентификација, која скоро сосема ја исклучува примарнотипската комуникација со другите конфесионални групи (со исклучок на други христијански религии) и, од друга страна, низок степен на вовлеченост во другите аспекти на религиозноста. Со убедување дека основите на оваа состојба треба да се бараат во историското минато – во природата на православието оформена во специфичните околности на Балканот и во местото што неговата црковна организација го имала во општествените поредоци на балканските држави, овде се прави анализа на развојот на православието од неговите почетоци до периодот на заживувањето на македонската национална идеја, со нагласка на улогата на црквите во православните земји. Со оглед на тесната испреплетеност на историјата на балканските народи, во почетокот се следи црковната историја на Словените за постепено во фокусот на вниманието да се најде македонското население.

## Покрстувањето на Словените - почетоците на црковната организација

Словените населени во централниот и источниот дел на Балканскиот Полуостров, кои подоцна се диференцирале во повеќе национални групи, христијанството го откриле преку Византија. Со неа – до времето на покрстувањето – тие имале комуникација во која можат да се разграничат цела серија на специфични односи. Тие започнуваат со освојување и темелно разорување на Балканот, укинување на римската и рановизантиска административна машинерија, искоренување на мрежата епископии востановени уште во четвртиот век со што го згаснуваат христијанството за неколку векови, и воопшто, коренито менување на етничката карта на Балканот (Д. Оболенски, 1991, стр. 70), од-

носно односи кои започнуваат како посредство во уривањето на остатоците на римската цивилизација, за понатаму да продолжат како учество во изградбата на византиската цивилизација. Давајќи ѝ го човечкиот материјал неопходен за општествен развој, со својот демократски менталитет изнудувајќи институции коишто се покажале како погодни за континуиран материјален напредок (каква што е институцијата на слободното селанство), ставајќи ја со својата слободољубивост и воинственост пред непрекинати предизвици преку кои континуирано ја унапредува својата воена машинерија, Словените го поттикнале и учествувале во развојот на новата византиска цивилизација. Со доаѓањето на Балканот Словените (исто како и Арапите на источниот крај од империјата) се вклучиле во констелација на односи преку кои континуирано придонесувале за изградбата на новиот општествен систем – или византиската цивилизација. Прво, тие Ромеите ги ставиле пред предизвик на кој морале да одговорат за да можат да опстанат, а тие одговориле со новиот воено-управен поредок – со тематското уредување, кое после воспоставувањето во Мала Азија постепено го воспоставиле и на Балканот. Второ, тие го решиле проблемот на недостатокот од население и посебно недостатокот од војници, односно овозможиле да заживее новиот војнички систем, кој воедно е и нов економски систем.[1] Византијците, ќе рече Острогорски, „створиле форма, Словените неа ја исполниле со содржина и му дале стварна сила на новиот систем кој за повеќе векови ја оспособил Византија за живот". (Г. Острогорски, 1970, кн. IV, стр. 50). Нејзината моќ во текот на следните неколку векови се потпирала на стратиотите и слободните селани, а тие во значаен дел по своето потекло биле Словени (стр. 54).

Словените, кои се внурнале во умирачката Византија и ѝ ја влеале силата преку која го остварила спасоносниот премин од антиката кон средновековието, го усвоиле христијанството дури откако во Византија биле решени проблемите на економскиот и политичкиот поредок и кога нејзината култура станала доволно

1 Во новиот војнички систем – тематскиот – војниците стануваат стратиоти, односно носители на мали земјишни поседи, кои ги обработуваат како своја земја, а за возврат имаат задолжение да ѝ се придружат на војската тогаш кога затоа има потреба (Г. Острогорски, 1970, кн. IV, стр. 50).

блескава за да ги придобие и оние словенски групи кои успеале да изградат сопствена политичка организација.

Во првата словенска држава на границите на Византија – Бугарија – христијанството било прифатено неколку децении по утврдувањето на нејзините граници со Византија (што се случило во 815 год.), за време на владеењето на Борис (852–893), кој констатирал дека било потребно „народот да го издигне до оној облик на повисока религија што го претставува христијанството" (В.Ц.С.В., Св. III, кн. I, стр. 215). Со оглед на стратификациската структура, издигнувањето одело од горе кон надолу – христијанството прво го прифатил повисокиот општествен слој за после тоа нему да му пристапи и обичниот народ, а тоа е патот на неговото прифаќање во сите словенски средини.

Словените, имено, се издигнале до Христијанството во времето кога тоа веќе јасно ги манифестирало знаците на својата диференцијација во две учења и две цркви[2], иако димензиите на таа диференцијација и последиците од неа сè уште не им биле јасни дури ниту на таквите видни теолози какви што биле носителите на моравската мисија – браќата Кирил и Методиј. За Кирила Истокот и Западот сè уште биле обединети како една црква и за него не било од многу битно значење дали една црква ќе зависи од Рим или од Константинопол (T. Were, 1963, стр. 84). Но, уште од самиот почеток на покрстувањето, овој став не го делеле оние што кон него го насочувале своето население. Ним веројатно не им биле многу јасни разликите во учењето (иако ги наслутувале за што сведочи кореспонденцијата со двата Свети Престоли), но тие добро ја процениле заинтересираноста на двете цркви за новите христијански области и многу добро знаеле дека интересот на папата за покровителство на новите христијански цркви претставува погодно средство за уцена на Византија. Веќе првиот христијански владетел на Балканот – кнезот Борис – преговарал со папата Никола I за потпаѓање на Бугарија под папската принадлежност, а тоа го правел имајќи го предвид ослободувањето од политичкото и културното влијание на Византија. Во 866 г. тој ја одрекол византиската јурисдикција и подредувајќи ѝ

2 Овде, поради специфичноста на темата не се обрнува внимание на првата диференцијација во Христијанството која се случила пет векови порано.

се на римската ги протерал грчките свештеници, за после една година повторно да се сврти кон Византија. Преку овој маневар успеал да се избори за полуавтономна црква. На Соборот на сите цркви, одржан во Константинопол во 870 год., било одлучено Бугарија да биде под јурисдикција на Константинополската патријаршија, но да има архиепископија со свој архиепископ кој ужива одредена автономија и кој е прв меѓу епископите на̀ византиската црква[3] (Д. Оболенски, 1991, стр. 114–115). Истата логика ги водела кон преговори час со едната час со другата црква и основачите на српското кнежевство. Првиот српски кнез за кого постојат историски податоци – Властимир – изменил посланици со Константинопол со цел да го воспостави христијанството, за тоа да го постигне веројатно во периодот меѓу 867 и 874 година (Д. Оболенски, 1991, стр. 122). После него, неговите наследници преку вешто маневрирање со едноподруго инклинирање кон едната и кон другата црква, па дури и со практикување на црквен дуализам – за кого еден од знаците е двојното крштевање на Немања (Д. Оболенски, 1991, стр. 266), успеале да се изборат за своја црква. Навистина за тоа им било потребно долго време – тие добиле своја црква дури во XIII век, кога на Соборот во Никеја од 1219 г. Сава бил избран за архиепископ српски, а таа станала независна дури по повеќе од еден век – во 1346 год., со признание кое дошло од Ватикан, а кое Константинопол го прифатил дури во 1375 год. (T. Were, 1963, стр. 85).

## Моравската мисија и новата организација на црквата од Истокот

И, на самиот почеток на покрстувањето што е и почеток на нагодувачката политика на новите словенски држави, се случува Моравската мисија (862–3), кога Византија, доверувајќи им ја на двајцата браќа Константин и Методиј задачата да го изумат

3 Некои историчари, како на пр. Снегаров и Голубински, наоѓаат дека и титулата архиепископ е производ на нагодувачката практика на словенските народи. Според нив таа е католичка верзија на византиската титула митрополит. Со оглед на тоа што кнез Борис прво преговарал со Рим за архиепископија, Византијците му ја дале истата титула, иако всушност му дале митрополија (И. Снегаров, 1924, стр. 6).

словенското писмо, да го описменат словенското население и да го воведат во светите книги на христијанството, ја градат основата на независната словенска писмена културна традиција. Кај византиската јавност, навистина, постоеле големи дилеми во врска со овој чин, дури таа се изделила во две групи од кои едната укажувала на придобивките од него – целосното покрстување на Словените надвор од границите на Византија и нивно приврзување за византиската црква и држава, додека другата го прогласила за еретичен чин преку кој се крши догмата на тројазичието. Победил првиот став и византиското население така им го признало правото на другите народи божјата служба да ја обавуваат на свој јазик.

Овој чин, безпримерен за христијанството од тоа време и за западното христијанство многу векови понатаму, често се оценува како доказ за „јазичната слобода“ и културната трпеливост на византиското христијанство. (Д. Оболенски, 1991, стр. 183). Но, дали е тој тоа, или подобро, дали е само тоа? Начелото на многујазичието кое следува од овој чин, кое ќе оствари далекусежни последици врз црковната организација на православниот свет, можело да произлезе само од население кое било убедено дека неговото царство е светско и истовремено од население кое верувало дека војната за црковен примат само што не ја извојувало и тоа во просторот кој до не многу одамна бил во границите на римската диецеза. Зашто, да потсетиме, Балканскиот Полуостров – неговиот западен и централен дел – Илирик, со центар во Солун, сè до средината на VIII век бил под јурисдикција на римската црква. Таа го изгубила тогаш кога соочена со опасноста од Лонгобардите се свртела кон Франачкиот крал, со тоа доведувајќи се во несакан конфликт со Византија. Византиското население било свесно дека извојувало предност во однос на остварувањето политичко и културно влијание врз словенскиот свет, но и свесно дека концесиите не се на одмет, дека преку нив дури уште повеќе ќе ја прошири сферата на своето влијание. И тоа се покажало како оправдано. Кирило-методиевското писмо и словенската литургија го зацврстиле христијанството и во Русија, во земјата која откако му се предала станала неговиот најцврст столб.

Мисионерската дејност на двајцата браќа била само еден од многуте мисионерски потфати преземени во шеесеттите годи-

ни на IX век.[4] А овие мисионерски потфати всушност се поклопуваат со победите што Византија ги извојувала над Арапите и затишјето што настапило на источната граница и се одржало подолг временски период. Тие, во исто време, се совпаѓаат со постигнувањето политичка контрола над одреден број балкански територии кои претходно ги имале изгубено, како и постигнатото културно влијание врз оние кои успеале да се здобијат со политичка самостојност.

Ако пак одиме малку station наназад, можеме да забележиме дека на мисиите им претходи диференцијацијата на Истокот и Западот – на изделувањето на Западот од политичкиот примат на Византија и истовремено, ослободувањето на источната црква од духовниот примат на Западот. Византија која била световна сила, преку оваа диференцијација, по цената на изгубеното политичко влијание на запад, се здобила со можноста да го шири своето влијание преку средството што дотогаш било привилегија на Рим – преку црквата. Црквата, така, добила посебна улога во империја која веќе ги имала усовршено механизмите за световно одржување на поредокот. А таа нејзина улога во едно световно царство направила самата да се диференцира во два сегмента, од кои секој ѝ служи на една цел – оној на учењето, кое остварува сопствена развојност, неврзана за световните случувања, и оној на црковната организација како средство на политиката, односно таа се дели во два сегмента од кои едниот е во служба на духовното а другиот на световното. Државата и црквата во Византија формално биле еднакви, но фактички црквата ѝ била подредена на државата, што првата повремено ја доведувало до состојба која раѓала стремежи спротивни од оние што ги сретнуваме на Западот. Овде повремено црквата поведувала војна за ослободување од државата, како што на другата страна државата и световните институции се бореле за ослободување од црквата.

Всушност, идејата да се излезе од тројазичието во обраќањето до Бога, јасно говори како за природата на Византиската империја така и за нејзините амбиции за раст. Таа била наднаци-

4 Во тој период се оствариле и мисии во младата руска држава, во Бугарија, во српските земји (Д. Острогорски, 1970, кн. IV, стр. 71).

онална по карактер (ако терминот национално може да се употреби за периодот за кој станува збор) и оттаму можела да си ја дозволи дарежливоста во однос на писмото преку кое секој народ ќе има литургија на свој јазик. Била световна по карактер и оттаму не била оптоварена со стравот дека националните цркви ќе го загрозат единството на верското учење. И, бележела цивилизациски раст кој ја правел опиплива идејата за универзалното царство.

Но, подигнувањето на народните јазици на ниво на богослужбени вродило резултати кои биле повеќе и кои биле различни од она што преку него се сакало. Преку него, свесно или несвесно, биле поставени темелите на новата црковна организација на православието, која се задржува сè до денес. Тоа е децентрализиран систем на независни локални цркви, кој е со висок степен на флексибилност и со висок степен на прилагодливост кон политичките и националните граници. Локалните цркви што го сочинуваат можат да се делат, повторно да се обединуваат, да се укинуваат и повторно реставрираат, да ги шират и стеснуваат своите рамки, без притоа битно да се поремети животот на црквата во целина. Овој систем придонесува за блиската релација меѓу црквата и националната конституција во земјата на православието. Навистина, локалните цркви не се во секој случај национални цркви, но во многу случаи тие стануваат центарот во кој се раѓа националната свест и местото во кое се организира националното движење. (T. Were, 1963). А, оваа поврзаност на црквата и националноста ќе се покаже како посебно значајна за време на Османската империја, кога црквата станува институција која го поврзува православното население во кохерентна група способна да ѝ се спротивстави на окупаторската група при заштитата на својот автохтон културен примерок. (И. Снегаров, 1932, гл. V).

## Слабеењето на Византија, Латинскиот период, самостојните словенски цркви

Покрстувањето на Словените, како што е веќе кажано, се случило во времето на највисокиот подем на Византија. Секој од христијанските народи добил своја црква, секако не едноставно како што е веќе наведено, туку преку политика на маневрирање

исток–запад. Но, посебните цркви се извојувани. Била прогласена бугарската патријаршија од страна на цар Симеон (919 год.), навистина прво со благослов на папата, но нешто подоцна (927 год.) и на константинополскиот патријарх. Таа, после повеќе селења по градовите на источна Бугарија, го добила своето седиште во Охрид во времето на Самуила, кога тој Охрид го избрал за своја престолнина.[5]

Во текот на своето понатамошно ширење Византија ги освоила словенските држави на северот, но не ги укинала нивните цркви. Единствено им го ограничила степенот на самостојноста. Така, во своите три хрисовули, освојувачот на Словените Василиј II, ѝ ја гарантирал независноста на Охридската архиепископија во нејзините етнички граници, ги санкционирал правата и привилегиите што таа ги имала во времето на словенските цареви, дури ѝ дал некои нови привилегии поврзани со услугите што требало да ги прави за императорот. (И. Снегаров, 1924, стр. 60).

Византиската империја почнала да слабее по смртта на Василиј II. Тогаш дошло до битно менување на природата на нејзините односи со Словените, како оние што биле во рамките на нејзините политички граници така и оние што биле надвор од нив. Првите, притиснати од растечките даноци започнале да реагираат бунтовно, а оваа бунтовност како една од своите последици го имала намалувањето на компетенциите на архиепископијата. Прво, биле смалени нејзините граници – нејзината диецеза практично била сведена на Македонија. Второ, почнало да се обрнува внимание на етничката основа на високото свештенство, односно архиепископот и епископите биле Грци. Трето, јазик на литургијата станал грчкиот (И. Снегаров, 1924, стр. 80).

Акултурацијата која во времето на цивилизацискиот раст се остварувала повеќе или помалку спонтано, во која бил присутен стремежот за наметнување на својата култура но и спремноста на другите нејзе да ја прифатат, уште од самиот почеток на опаѓањето на византиската цивилизација започнала да вклучува средства на присила. Таа добива конотација на присилна асими–

5 Седиштето на бугарската црква прво било во Преслав, потоа во Силистра на Дунав. После тоа се селела во неколку македонски градови додека да го добие своето трајно седиште (Снегаров, 1924, стр. 14).

лација која се остварувала главно преку црквата, но и преку други средства. Еден од примерите за второто е менувањето на географската топонимија – во неа бил воведен грчкиот јазик. (И. Снегаров, 1924, стр. 81). Во црквата, пак, со влегувањето на Грците во врвот на нејзината хиерархија, се појавил и сè повеќе се продлабочувал јазот меѓу високото и ниското свештенство. Овој јаз посебно дошол до израз во времето на Теофилакт, иако тој самиот не само што не ѝ бил наклонет на асимилационата политика туку уште и се трудел да го поттикне народносниот дух на локалното население (И. Снегаров, 1924, стр. 221).

Сепак, кирило–методиевската традиција била толку заживеана што покрај сите настојувања за укинување на словенската литургија и словенската црковна книжевност тие продолжиле да се негуваат со премолчана согласност на архиепископите (Д. Оболенски, 1991, стр. 252–253). Условите за нивното негување се подобриле кога Византија ослабнала до степен за да не може повеќе да ги контролира освоените словенски земји.

Во втората половина на XII век од Византија се одметнале Србите (1180 год.), а нешто подоцна и Бугарите (1185, односно 1187), формирајќи го Второто бугарско царство. Две децении подоцна, на почетокот на XIII век (попрецизно 1204 год.) политичката карта на Балканот претрпела нови промени, а со тоа битно се променила и црковната организација, како и акултурационите процеси што се остварувале преку нејзиното посредство. Тогаш, после Четвртата крстоносна војна, латинската војска го зазела Константинопол и го основала латинското царство. Со тоа се чинело дека византиското христијанство сосема ќе се повлече пред римската црква (Д. Оболенски, 1991, стр. 284). Словенските владетели во тоа време побарале покровителство од папата – бугарскиот владетел Калојан бил крунисан од страна на латинскиот кардинал и тој се обврзал на верност кон папата, српскиот кнез Стефан исто така кралската титула ја добил со помош на Ватикан, откако претходно се обврзал дека ќе се стави под негова јурисдикција. Дури и Русите, ќе забележи Оболенски, кои му биле најприврзани на источното христијанство се надевале дека со помошта на Рим ќе се ослободат од татарското ропство (Д. Оболенски, 1991, стр. 286).

Римската црква успеала да го засили своето влијание на Балканот во текот на XIII век, посебно во земјите што оствару–

вале постојана комуникација со католички области, каков што бил случајот со Србите кај кои влијанието било постојано, само со флуктуации во јачината. Меѓутоа, православието веќе имало фатено толку цврсти корени во словенските земји што било тешко да се истисне. Политичките преговори кои вклучувале и нагодувања околу црквата, и покрај целата неискреност за која им се замерува (пр. Оболенски), биле до толку искрени што не го поставувале прашањето на доктрината туку само на јурисдикцијата. Во исто време, овие преговори не биле кочница за одржување на односи и со византиското царство. Византиската патријаршија била изгонета од Константинопол, но таа се преселила во Никеја и од таму правела вонредни усилби за подобрување на односите со словенските владетели, покажувајќи ја на дело извонредната дипломатска вештина, усовршувана низ векови и доведена до совршенство токму во тие времиња на невоља. Видливи резултати на оваа дипломатија се основањето на Киевската митрополија во која наизменично се менувале руски и грчки митрополити, и, во контекстов позначајно, договорот во Галиполе од 1235 год. за сојузништво и за признавање на автономна Трновска патријаршија. Пред тоа, Сава успеал да издејствува автокефалност на српската архиепископија. Всушност, кога политичката моќ на Византија била сосема исцрпена, во последните два века од нејзиното егзистирање, црквата била онаа што го одржувала воспоставениот поредок на конгломератот народи и држави кого Оболенски го именува како Византиски комонвелт. Пропаѓањето на империјата, парадоксално, дури не ја погодило црквата во економски поглед. Црковната економија бележела подем сè до средината на XIV век, кога започнала да се соочува со состојба на стагнација и, набргу после тоа, со надолен пад (Г. Острогорски, 1970, кн I., стр. 199–200).

## Црквата за време на Османлиите

Православната црква добила посебна улога за време на Османската империја. Потпаѓањето под власта на окупатори со друга религија не ја довело во опасност од укинување. Мухамеданците, како што ќе забележи еден Англичанец кој бил придобиен од православието – отец Калистос (Т. Вер), во XV век биле далеку потолерантни кон христијанството, отколку што биле за-

падните христијани едни кон други за време на Реформацијата од XVII век. Навистина, христијанската црква станала црква од втор ред, но таа и како таква добила задолженија преку кои дури се зголемила нејзината значајност за христијанското население отколку што тоа бил случај во христијанските држави пред тоа. Наместо во систем со формална еднаквост, но суштинска нееднаквост меѓу државата и црквата таа била вклучена во систем во кој не постои граница меѓу религијата и политиката. Во овој систем на христијаните им било признаено правото да ја исповедаат својата вера. Со самото тоа им било признаено правото да бидат организирани како независна политичка единица – како држава во држава. Така, христијанската црква станала истовремено верска и граѓанска институција. Нејзините службеници биле верски и цивилни службеници, нејзиниот поглавар бил поглавар на христијанското граѓанство (T. Were, 1963, стр. 98). Оваа улога што ѝ била доделена на црквата и што таа успешно ја обавувала, во голема мерка придонела за очувување на идентитетот на христијанското население во империјата водена од Муслимани. Меѓутоа, со оглед на тоа што православното население не било еднородно – туку конгломерат од повеќе народи – а црквата добила еден центар којшто бил привилегија на еден народ, нејзината граѓанска функција станала извор на непрекидни конфликти меѓу групата со надредена положба и асимилаторски амбиции и групите со подредена положба и стремежи за обликување на сопствен национален идентитет.

Уште првиот патријарх бил Грк[6]. Сите патријарси понатаму биле Грци.

Тешко би можело да се рече дека Патријаршијата, како центар на христијанската духовна и световна власт, од самиот почеток водела националистичка политика. Таа била востановена како инструмент на исламската администрација во период кога сè уште не била заживеана националната идеја, иако не би можеле да се негираат одредени протонационални чувства и стремежи. Повеќе аргументи за ова би можеле да се најдат во прилог на констатацијата дека таа била вовлечена во систем на корупт-

6 Тоа е видниот грчки теолог Георги Сколарис (1405?–1472?) кој бил огорчен непријател на римската црква и чиј избор според некои историчари бил направен намерно за да се спречи унијата договорена во Фиренца во 1439 год.

ција кој направил да биде доживеана како несакана власт, за во текот на времето, со заживувањето на националните идеи да се претвори во туѓа, непријателска, несакана власт. Имено, системот на избор на високото свештенство што го наметнале Турците во црквата ја вовлекол корупцијата. Патријаршијата доживеала морален колапс, но тоа не значело и намалување на нејзината световна моќ. Пропаѓајќи морално, односно дегенерирајќи во својата улога на духовен водач, таа напредувала во однос на својата улога на световен водач. Нејзината световна моќ била голема како никогаш порано. Таа била глава на христијаните од Османската империја во секој поглед.

Ова, сепак, не значело дека другите православни цркви престанале да постојат. Со потпаѓањето под Турците православната црква веднаш не ја укинала својата децентрализирана организација, туку само ја модифицирала. Локалните црковни организации продолжиле да постојат, само не како рамноправни единици, водени од најстарата, прва само по почестите. Сега постепено се оформувала хиерархиска структура чиј врв го зазела Константинополската патријаршија. Локалните цркви, притоа, започнале заемна војна за освојување поширока територија и заземање повисоко место во хиерархијата. Оваа војна се водела уште во XV век, но станала посебно жестока во XVI век. Снегаров во врска со ова ќе забележи дека целиот XVI век поминал во знакот на борбите на православните цркви за ширење на својата доминација (И. Снегаров, 1932,). Во нив значајно место имал и Ватикан со обидите преку унијатството да ја преземе контролата врз војувачките области.

Во оваа војна сесрдно е ангажирана и Охридската архиепископија, втората црква по ранг после Патријаршијата, со успех зависен од местото во хиерархијата на црквите со кои војувала. Таа била принудена да ѝ ги отстапи на Константинополската патријаршија Молдавската и Влашката митрополија, но ја приклучила кон својата диецеза Пеќката патријаршија, поттикнувајќи со тоа продолжителен конфликт со променливи резултати (И. Снегаров, 1932, стр. 65–66).

Во целиот тек на постоењето на Охридската архиепископија високите положаи ги имале Грци а ниските Словени, со мали исклучоци во однос на првите. Грчкиот јазик, кој од страна на Турците бил признаен за втор административен јазик покрај тур-

скиот за православното население, започнал да се наметнува и во литургијата која од IX век наваму била словенска. Прво тој станал административен и богослужбен во оние епархии каде населението било мешано, како и во оние што имале поголема група добростоечко население кого амбициите за општествен престиж го упатувале кон грчкиот јазик. Во голем број епархии, меѓутоа, сè уште се употребувал словенскиот во богослужбата, па дури и во книжевноста. Него го користел и дел од високото свештенство. Се користел и албанскиот во епархиите каде тој бил говорен јазик. Во епархиите блиску до грчката етничка граница паралелно се користеле двата јазика во богослужбата, како што веројатно се користеле и во световниот живот [7] (И. Снегаров, 1932, стр. 262).

Во врска со воцрковниот конфликт Снегаров забележува дека од самиот почеток тој немал национална конотација. Националното постепено се инфилтрирало и со него конфликтот добивал на жестина. Неговите резултати по конфликтните страни биле такви што од втората половина на XVII век па натаму Архиепископијата ја водело главно грчко свештенство, кое било поуспешно во поткупите околу добивањето на бератите. А кога тоа се случило јасно биле разграничени двете страни како автохтона партија и фанариотска партија во Архиепископијата. Кај вторите, повторно, веќе била оформена националната свест и паралелно со тоа сознанието дека делуваат во територија којашто треба да биде освоена. Тие во борбата што станувала сè понепомирлива ја имале и предноста на партија подржувана од страна на турската власт. Последнава својот избор го направила делумно поради своето согледување на можностите за подобра контрола на теренот, делумно заради повеќе пати споменатата фанариотска умешност во поткупувањето (И. Снегаров, 1932, стр. 126–127).

Грчкото свештенство ја извојувало војната тогаш кога биле укинати другите цркви. Охридската архиепископија била укината во 1767 година, кога дури е укината и Охридската епископија, и, како врв на ова укинување заменето името Охрид со старо–

7 Во сакралното сликарство од XVI и XVII век постојат многубројни натписи на словенски јазик, како што постојат и компилациски форми на словенски текст и грчко писмо.

грчкото име Лихнида. Пеќката патријаршија била укината една година порано – во 1766 год., како финале на една исто така систематска војна која започнала во 1691 год. и била водена со истите средства како и онаа со Охридската (И. Снегаров, 1932, стр. 150).

**Крајот на Османлиите. Конфликтот разгорен - Патријаршијата и Егзархијата**

Домородното свештенство, придружено од целото домородно население започнало масовна борба против Патријаршијата во половината на XIX век. Таа борба имала две цели: да се спречи асимилаторскиот притисок на грчкото свештенство и да се избегне неговиот економски терор. Вториот бил вистински неподнослив. Свештенството, во согласност со своите административни принадлежности учествувало во собирањето на данокот, при што си дозволувало во име на сопствената корист нешта незамисливи за едно духовенство. Нив усрдно ги бележеле католичките мисионери, кои во незадоволството од Патријаршијата гледале шанси за сопствено наметнување. Од нивните многубројни извештаи овде би го спомenале само заклучокот на еден мисионер дека „од тоа произлегува двојно ропство: под Турците и под Грците" (Р. Поплазаров, 1981, стр. 69).

Меѓутоа, борбата во прв ред била насочена против грчката асимилаторска политика. Неа грчкото свештенство успешно ја водело, но во тоа му било од помош и турското шеријатско право според кое просветата на христијаните спаѓала во доменот на признаените немуслимански верски заедници. Оваа привилегија во однос на организацијата на школството довела до тоа во регионите за кои Грците биле посебно заинтересирани да постојат само грчки училишта. Така, во Битола, каде грчката пропаганда била посебно силна и во која работел грчки комитет чија цел била организирање грчко востание за приклучување на Битолскиот санџак кон Грција, во 1859 година имало десет грчки и ниту едно словенско училиште (С. Димевски, 1961, стр. 141). Оваа асимилаторска политика се доживувала сè потешко од страна на населението кое почнало да го гради својот национален идентитет. Оттаму и често теророт на грчкото свештенство бил користен како повод за борба против другото, што го забе-

лежуваат и претставниците на западната дипломатија, како на пр. францускиот конзул, кој ќе забележи: „Корупцијата и алчноста на високиот клир денеска е само изговор, а не вистинска причина на непријателските демонстрации на словенската раса во Македонија. Под баналните приговори тие кријат имено дека фанариотските владици се најсигурните агенси на панелеската пропаганда...“ (С. Димевски, 1961, стр. 187).

Национално-ослободителното движење на Грците, кое почнало прво на Балканот, било придружено со интензивна асимилаторска политика над словенското население (укинувањето на нивните самостојни цркви е само една од нејзините акции), која и покрај добрата осмисленост и енергија со која се водела никогаш не ги дала очекуваните резултати поради едноставниот факт што била насочена кон мнозинско население од кое се очекувало да прифати подредена положба во време кога тоа веќе ја изгубило одушевеноста за културата што му се наметнува и се свртело кон својата сопствена култура, и, уште повеќе, што тоа веќе почнало да ги чувствува своите сопствени можности. Сепак, отпорот од самиот почеток не ја обескуражил оваа политика. После ослободителната војна од 1821–1829 год., Патријаршијата, односно Фанарот, како што ќе забележи А. Матковски „исцело ѝ се предала на Атина“ (А. Матковски, 1953, стр. 40). Од Дунав до Цариград и од Црно до Јадранско Море била укината словенската служба со што на Патријаршијата ѝ биле отворени вратите за намераваната политика. Нејзините можности започнале постепено да се стеснуваат дури од средината на XIX век па натаму, кога Османската империја се почувствувала загрозена од неа.

Не би можело да се рече дека грчката асимилаторска политика наидувала на одбивност кај целото население. Таа се водела пред сè преку образованието, а грчкиот јазик во јазичната хиерархија оформена на Балканот уште во времето на Византија и одржувана во времето на Османлиите, уживал место на јазик со висок престиж. Во византискиот период тој бил јазикот на високите општествени слоеви, во османскиот период јазик на образованото христијанско население. Кон него инклинирале сите што успеале да се изделат од масата на сиромашната раја преку економските активности кои ги дозволил Османскиот систем од XIX век, оформувајќи ја новата општествена структура, односно оформувајќи стратификациски разлики во групата што била ре-

лативно хомогена. Децата на богатото христијанско граѓанство од XIX век го започнувале своето школување во грчки училишта, за потоа да го продолжат на универзитетите во западна Европа или Русија, но и во Атина. Оттаму и одреден број македонски преродбеници сопствениот јазик почнале да го учат дури откако кај нив почнал да се оформува националниот идентитет.

Кога Империјата во текот на XIX век започнала да спроведува реформи и кога прогласила еднаквост за целото население независно од конфесионалната припадност, колку и да биле овие реформи формални сепак го охрабриле населението да ѝ даде посилен отпор на дејноста на Патријаршијата. Во повеќе градови и села на Македонија почнале да се отвораат училишта на локалните дијалекти, добило залет книжевното творештво, пораснал интересот за традиционалната уметност и сл. Ова, нормално, довело до директна конфронтација со високото свештенство, кој во некои градови добило димензии на бунт и довело до формално отцепување на општините од Патријаршијата. Тоа се случило во Велес, каде конфликтот започнал во 1855 год. и се протегнал сè до 1869 кога се остварило отцепувањето, потоа во Скопје, Прилеп, како и некои места од јужна Македонија (Р. Поплазаров, 1981, стр. 69–70).

Црковната борба во Македонија добила посебни одлики кога жестокиот црковен конфликт во Бугарија во кого учествувало целото население ја принудил Портата да размислува за изделување на бугарските епархии од Патријаршијата и основање независна бугарска црква. Во 1869 год. таа оформила комисија која требало да изработи проект за решавање на црковниот спор. Комисијата ја сочинувале Грци и Бугари, кои делејќи се во две групи започнале да се нагодуваат. А темата на нагодувањето – бројот на епархиите кои треба да ја сочинуваат бугарската црква јасно говори дека Патријаршијата била свесна дека отстапките се неминовни и дека се неминовни измени во стратегијата на војувањето. Она за што Патријаршијата почнала да бидува свесна подоцна ќе го сумира во едно свое писмо патријархот Иоаким: „Едно што... искуството докажа дека ние не сме во состојба да ги победиме и да ги искорениме националните тенденции на Бугарите и да го замениме секаде бугарскиот со грчкиот јазик треба барем да се потрудиме да им ја вдахнеме идејата дека сите жители на Македонија... еднакво страдаат и имаат еднаква со

нва егзистенција и иднина“ (се мисли на грчката држава). (Р. Поплазаров, 1981, стр. 81).

Бугарската црква под име Егзархија била обновена со султански ферман во 1870 година. Ја опфаќала територијата на старата Трновска патријаршија, укината во 1767 год., проширена со неколку епархии (Нишка, Пиротска, Велешка). Оваа одлука ја огорчила Патријаршијата под чија јурисдикција биле изделените епархии и таа новата црква ја прогласила за шизматична. Меѓутоа, уште повеќе ја погодил еден член од султанскиот ферман, за кого успеале да се изборат Бугарите, кој се однесувал на словенското население во рамките на Империјата. Според него „ако населението од другите места (надвор од канонските граници на Трновската патријаршија) кои ја исповедаат верата, сакаат едногласно или најмалку две третини од жителите да му се потчинат на Бугарскиот егзархат и ако по проверувањето се потврди дека е тоа праведно, нивната молба мора да се прифати“. (А. Трајановски, 1980, стр. 49–50). Овој член Патријаршијата ја довел во ситуација да преговара за симнување на шизмата доколку Егзархијата прифати да се ограничи на политичките граници на кнежевството Бугарија. Меѓутоа, Егзархијата не покажувала интерес за таков компромис. Таа од самиот почеток на добивањето на согласноста за делување во Империјата организирала толку добра пропаганда што успеала во голем број епархии да ја истисне Патријаршијата. Дури и таму кадешто втората сè уште имала свое свештенство тоа опслужувало мала група на „гркоманско“ и влашко население, каков што бил на пример случајот со Струмица, каде црковната војна добила организиран тек кога населението оформило партии: „гркоманска“ и народна, но каде и покрај можностите на првата партија составена од населението со повисок статус за наметнување на својата волја, јазик на богослужбата станал словенскиот во сите селски и во повеќето градски цркви (освен во деновите кога служел митрополитот) (Б. Панов, 1959, стр. 87–89).

Борбата меѓу двете цркви имала посебни ефекти врз школството во Македонија. Со оглед на тоа што школството, како што е веќе кажано, било во принадлежност на верските заедници, двете цркви настојувале да го придобијат локалното население ширум Македонија преку отворање на училишта. Бројот на училиштата растел секојдневно, а овој раст добил

акцелерација кога Србија, која претходно преку детална анализа на теренот ги истражила своите можности за ширење на своето влијание на југот констатирајќи дека нема можност да го асимилира населението но може да го оддалечи од оние што го сметаат за свое, усрдно се вклучила во акцијата на отворање училишта. Оваа ситуација, по многу што специфична, кога бројот на училиштата далеку ги надминувал потребите на населението и кога еден периферен простор на Османската империја станал област со најмногу училишта и учители во цела средна и источна Европа, заслужува посебна анализа. Во врска со неа овде само би укажале на две нешта: прво, на фактот дека во војната се вклучил и Ватикан, преку охрабрувањето на идејата за обновување на Охридската архиепископија, и второ, на другиот значаен факт – дека во контекстот на оваа војна интензивно се обликувал македонскиот национален идентитет и се разгорело македонското национално движење кое имало исклучиво световен карактер.

## Унијатското движење во Македонија и борбата за обновување на Охридската архиепископија

Констатацијата дека во борбата за наметнување на своето влијание во територијата којашто сè уште била во составот на Османската империја се вклучил и Ватикан треба да се сфати условно. Амбициите негови за повраток на овој простор кој некогаш влегувал во неговата диецеза никогаш и не престанале. Тој постојано бил во тек со настаните на Истокот, вклучувајќи се тогаш кога постоеле објективни можности за успех. А тие сега биле посебно поволни. Неговата стратегија, всушност, била изградена во XVII век, кога за спроведување на замислата за унијатството, била основана Конгрегација за пропаганда на верата (1622 год.) која оформила свои точки на делување во местата каде имало малубројно католичко население (во Македонија тоа биле Солун, Скопје, Битола, Кратово). Тоа била стратегија на балансирање – во неа бил вклучен интересот да се очува целовитоста на Османската империја и затоа не биле подржувани ослободителните движења, но затоа се играла заштитничка улога во однос на потлаченото православно население со цел да се поттикне идејата за унијатството.

Пропагандата за ширење на унијатството добила посебен залет во средината на XIX век, во времето кога бранот на конфликти ја има обземено цела Европа. Токму во револуционерната 1848 г. папата Пие IX ја објавува својата енциклика за источните народи со која сите православни биле поканети да преминат во унија со Римската црква со која би го задржале своето свештенство и своите обреди а би го добиле папското покровителство. Извесно време потоа – во 1862 година била основана „Св. Конгрегација за пропаганда на верата за работите на источниот обред", а истата година е основано и молитвеното здружение „С. Богородица" кое имало за цел шизматиците да ги преобратува во католици. Подоцна – во 1776 год. Франција ја основала Лазаристичката мисија која подигнала повеќе верски училишта и социјални установи ширум Македонија. (С. Димевски, 1961).

Што се однесува до заживувањето на унијатската идеја меѓу населението на Македонија, тешко би можело да се заклучи дека таа имала идејна позадина. Оваа идеја не би можела да се поврзе со процесите на приближувањето на источната и западната црква што се остваруале во османскиот период поради школувањето на голем број источни теолози на католичките и протестантските универзитети на западноевропските земји.[8] Теолозите што се школувале на запад биле Грци. Словенското свештенство било принудено да ги посетува локалните верски училишта, доколку воопшто било школувано. Тоа се соочувало со католицизмот само за време на своите мисии за барање помош од католичките манастири и католичките владетели.

Идејата за унијатството во Македонија имала чисто политичка позадина. За тоа, впрочем, биле свесни и самите католички мисионери кои поттикнати од интересот за нив започнале да ја крстосуваат Македонија. За тоа сведочат нивните многубројни извештаи кои усрдно ги доставувале до своите верски седишта. Во нив може да се прочита дека „населението од Македонија, разочарано од залудните надежи и лошите преговори што ги водеше Русија во време на војната и по нејзиното завршување, запла-

8 Во Османската империја не постоеле можности за организирање на православни факултети со висок квалитет на студиите поради што голем број теолози студирале на запад. (T. Were, 1963)

шено дека ќе загуби сè што преостанало од религиозната и политичка независност – почнало своите симпатии да ги насочува на други страни за да ја обезбеди подобро националната независност.“[9]

Унијатството добило најголем замав во Кукуш, во кој 1859 година била основана Кукушката унија, поттикната, како што ќе забележи папскиот известувач Еуген Боре „од незадоволството од Патријаршијата, поткрепено од недостојноста, изнудувањата и тиранијата на грчкото свештенство и нивното систематско исклучување од црковните функции“. (С. Димевски, 1961, стр. 96) Членството на унијата се менувало сообразно со околностите, односно успесите во нагодувањето со Патријаршијата, што јасно говори за мотивите што го довеле во неа. Унијатите едноставно се надевале дека со помошта на Франција и Ватикан ќе добијат национална црква и свое свештенство, а кога се зголемувале изгледите тоа да го постигнат на друг начин освен преку унија тие нејзе ја напуштале, како во времето кога за митрополит Кукушки и Полински бил избран Партение Зографски. Оваа унија била повторно обновена после Берлинскиот конгрес и разочарувањата што тој ги донел, за понатаму да доживува свои падови и подеми сообразно со околностите. Освен во Кукушко-Полинската епархија, унијатството се проширило и во други епархии, и тоа пред сè оние од јужна Македонија.

Колку и да биле очигледни мотивите на унијатите, димензиите што ги добило унијатството во втората половина на XIX век бараат да не се занемари прашањето за приврзаноста кон верата, односно бараат да се постави прашањето колку населението кое толку често влегувало во унија и излегувало од неа му било приврзано на православието. Всушност, него си го поставиле и католичките мисионери, за, трагајќи по одговорот, да заклучат дека населението малку ги познавало догмите на верата за да би се раководеле во своите постапки од причини од догматска природа (С. Димевски, 1961, стр. 96). Сепак, многу нешта покажале дека приврзаноста кон православието била поголема отколку што се чинело врз основа на леснотијата со која ја донесувало

9 Тоа е дел од едно писмо на отец Паоло Пиерлинг, кој му припаѓал на Исусовото братство. (С. Димевски, 1960, стр. 281)

одлуката за унија, зашто тоа не било спремно да воведе било какви измени во своите обреди. Истовремено тоа отстапувало од унијата секогаш кога биле задоволени барем минимум од барањата поставени од Патријаршијата.

Унијатството, да повториме, било повеќе средство на закана. Идејата за него се јавувала таму кадешто теророт на Патријаршијата бил најголем и каде поттикнал народно движење за ослободување од нејзината принадлежност. Во општините во кои населението се соочувало со сериозни проблеми создадени од претставниците на Патријаршијата тоа „на месни општински собири ги разгледувало можностите за склучување на унија со Римокатоличката црква како средство за притисок врз Патријаршијата. Граѓанството опширно дискутирало за ползите и штетите што би настанале со еден таков чекор" (С. Димевски, 1961, стр. 128). Тие ги свртувале очите кон Рим, како што забележал еден мисионер, како кон средиште на моќ и сила и кон Франција, како единствена покровителска сила. Тие повеќе сакале независна национална црква отколку унијатска, а кон второто решение прибегнувале само затоа што немале можност да го остварат првото (исто, стр. 96):

Подемот на унијатството во осумдесеттите години, во овој контекст, би можел да се доведе во врска со разочарувањето во Русија и почетоците на соработката со Австрија, кога се јавила идејата дека анексијата на Македонија од нејзина страна е едно од решенијата за избавување од теророт на Турците и Патријаршијата. Но и тогаш – во осумдесеттите години – кога имало индиции дека цела Македонија ќе премине во унијатство и кога папата Лав III побарал лично да се испита состојбата на лице место, извештајот што го добил тврдел дека движењето за унија било привремено и дека сепаратистите само имале цел да се ослободат од Патријаршијата и Егзархијата. Прогнозата на известувачите била дека „во подобри времиња, унијатите здобиени со она што им треба, повторно ќе ја прифатат својата вера" (исто, стр. 353).

Паралелно со унијатството во Македонија се ширело и протестантството, но со помал успех, како што забележуваат историчарите, поради ограничените финансиски средства со кои располагале неговите мисионери. Тоа, сепак, имало свој подем од осумдесеттите години до крајот на векот, посебно во некои општини, како што биле оние од Струмичката епархија (Струмица,

Радовиш, Дојран) – каде делувале американски мисионери, како и во Битолско, каде била основана мисионерска станица за ширење на протестантството во Македонија, подружувана од британската дипломатска служба во тој крај (М. Миноски, 1987, стр. 90).

## Македонското национално движење: однос кон црквите

Кога во 1885 година дошло до обединување на Кнежевството Бугарија и Источна Румелија, без дозвола на Османската империја, но со премолчана согласност на Австро-Унгарија и Велика Британија и кога Србите после овој чин започнале посериозно да ги преиспитуваат своите можности за ширење на југ, војната за престиж во Македонија добила ново засилување. Тогаш во рамките на црковната војна се засилува и македонското црковно движење. Тоа од самиот свој почеток, како што забележуваат претставниците на Конгрегацијата, кои му доставувале извештаи на папата, „немало религиозен карактер, туку претставувало исклучиво средство за еманципација од грцизмот и од бугарштината и истовремено национален стремеж преку унија да се постигне политичка и црковна автономија во Македонија“.[10] Во самиот почеток неартикулирано, како збир на локални експресии на незадоволството, тоа постепено добива свое водство со сѐ појасни претстави за неговите цели. А колку целите стануваат појасни толку повеќе во нив се губи елементот на религиското. Водството, именувано како сепаратисти, со оглед на тоа што неговата платформа за борба била заснована врз идејата на автономна Македонија, го сочинувале млади луѓе кои студирале на европските универзитети каде основале друштва и покренувале издавање на списанија во кои ги излагале своите идеи за идната организација на Македонија и за патот како да се стигне до неа. Еден од крупните успеси на сепаратистите било списанието „Лоза“, кое во 1892 год. го покренале студентите од Петербург, организирани во „Словенско-македонска литературна дружина во Петербург“.[11] Некои од членовите на Уставот на оваа дружина многу јасно говорат за тоа до каде било стигнато нацио-

10 Од еден извештај до папата Лео XIII, по: С. Димевски, 1989, стр. 536.

11 Во оваа дружина членувале и некои од највидните македонски преродбеници, какви што се Димитрие Чуповски и Крсте Петров Мисирков

налното движење на Македонците. Во него читаме дека дружината имала за цел: „а) да ја развива во македонската колонија во Петербург националната самосвест; б) да го изучува јазикот, песните, обичаите и историјата на Македонија во етнографски и географски поглед; ц) да ги шири и обединува сите Македонци без разлика на нивното образование и убедување во името на нивното исто потекло и единство на нивната татковина; да го шири сето горе наведено меѓу Македонците во Македонија и надвор од границите" (Цит. по: Д. Зографски, 1969, стр. 17).

Ако националното движење на Македонците во своите почетоци има световна основа, тоа во понатамошниот тек, добива антицрковна обоеност. Со конституирањето на ВМРО, како организација која ги артикулира акциите на делот на населението кај кого фатила корен идејата за националната посебност и понатаму автономистичките стремежи, започнува жестоката борба со црковните организации кои делуваат на просторот на Македонија. Таа е посебно остра со Егзархијата, која со долга и упорна борба со Патријаршијата, после тешки нагодувања со Портата во кои морала да се надмудрува со организацијата родена во цивилизација на која надмудрувањето ѝ било едно од значајните средства за опстанување и која како такво го довела до совршенство, успеала чекор по чекор да го освои просторот и во него да отвори бугарски училишта, и која после сето тоа не била повеќе во состојба со такт да се справува со оние кои ги доживувала на ист начин како што тие ја доживувале нејзе – како непријател на народот. Сега Егзархијата, заситена од нагодувањето и со чувство дека е на свој терен, започнала жестока борба за задушување на автономистичките идеи и акции во самиот нивен почеток.

Всушност, како што ќе констатира Славко Димевски, ВМРО како Тајна македонска револуционерна организација (ТМРО) изникнала „во прв ред во пазувите на антиегзархиското движење во Македонија и станала идеолог на целосно ослободување на татковината" (исто, стр. 680).

Националното движење во Македонија од самиот почеток имало антирелигиозна нишка, тоа делувало како антиегзархиско и антипатријаршиско движење и во своите почетоци тоа било повеќе ангажирано во конфликтот со црквите отколку со турската власт. Однесувањето на црквите за време на неуспешното Илинденско востание уште повеќе го одвратило населени-

ето, кое веќе било исполнето со надежи за освојување на самостојноста, од религиозните институции. Егзархијата одвратувала од востание затоа што во него гледала опасност по реализирањето на нејзината идеја за присоединување на Македонија со бугарското кнежевство, додека Патријаршијата и Српската црква ѝ ја искажале својата лојалност на Турција, иако не презеле конкретни акции против востанието, што е сосема разбирливо со оглед на бројот на членството што го имале. Во востаничката ситуација, се чини, најмногу профитирале католичките и протестантски мисии кои издејствувале официјална дозвола за добротворни акции меѓу целото население – и македонско и турско.

Идниот тек на настаните – делењето на Македонија и отсуството на национална црква – одел во прилог на понатамошното развивање на македонското национално движење како чисто световно движење.

## Литература:

Димевски Славко, „Некои податоци од архивот на (А.С.Р.) – Рим за католичката пропаганда во Македонија непосредно по Берлинскиот конгрес", Гласник на ИНИ, IV/1-2, Скопје,1960.

Димевски Славко, Католичката пропаганда и унијатското движење во Македонија (од средината на XIX век до Балканските војни), необјавена докторска дисертација, Филозофски факултет, Скопје, 1961.

Димевски Славко, Историја на македонската православна црква, Македонска книга, Скопје, 1989.

Зографски Данчо, „Процес конституисања македонске нације" ЈИЧ, 4, Београд, 1969

Матковски Александар, „Црковно-просветните борби во Скопје во XIX век", Просветно дело, IX/ 9-10, Скопје, 1953.

Миноски Михајло, „Унијатството и протестанството во вардарскиот регион со посебен осврт на дојранско-гевгелискиот крај до балканските војни", Дојрански ракувања – 1987, Гевгелија.

Оболенски Димитар, Византиски комонвелт, Просвета, Београд, 1991.

Острогорски Димитри, Византија и словени, кн. ИВ, Просвета, Београд, 1970.

Панов Бранко, „Црковно-просветната борба во Струмичко во XIX век", Гласник на ИНИ, III/2, Скопје, 1959.

Поплазаров Ристо, „Некои моменти од борбата на Македонците против грчката и бугарската црковно-просветна доминација во втората половина на XIX век (до 1888)", ЈИЧ, бр. 4, Београд, 1969.

Поплазаров Ристо, „Отпорот и борбата на македонските преродбеници против грчката и бугарската просветна и црковна доминација во втората половина на XIX век (од 1884)", Современот XXX/8-9, Скопје, 1981.

Снегаров Иван, Историја на Охридската архиепископија, том први, Гутенберг, София,1924.

Снегаров Иван, Историа на Охридската архиепископиа – патриарйиа, П.Глуйкова, Софиа, 1932.
Трајановски Александар, „Политиката на Егзархијата во Македонија (1870–1893)", Историја, XVI, 2, Скопје, 1980.
Were Timoty, The Ortodox Church, Penguin Books, Baltimore, Maryland, 1963.
Were Timoty, Велике цивилизације средњег века (В.Ц.С.В), Св. III,кн. I.

***Dr. Marija Taseva***

### *Churches in the Acculturation Processes on the Balkan*

*Summary*

*In the global social context, the Orthodox Churches on the Balkan, had played a roll adequate to their nature, formed in the environment which in the period of spreading of the Christianity had already founded the basis of the secular order. Here, the churches had passed away through the process of differentiation in two segments: teaching and participation in the secular order. Related within the first, they had demonstrated tenacity keeping up the teaching in the folk form. Related within the second, they had been in the service of the state, which formally had equal status with them, but, practically, the state had superior position.*

*The churches on the Balkan, organized mainly in ethnic borders, formally had been in equal position. Essentially, the most powerful position between them had had the oldest one the Constantinopol's patriarchate. In the very first beginning of the spreading of the Christianity among the Slavs and formatting of their Churches, she had not demonstrated ambitions for assimilation. They had appeared when the crushing of the Byzantine civilization had started and had been happened. Such an assimilating ambition had emphasized in the period of the Ottoman Empire, when the churches became institutions for controlling of the internal order of the Christian's communities. At the same time Constantinopol's patriarchate had become church's center with superior position above others. Her interest about the activities of the other churches, had been particularly large in the case of Ohrid's archbishopric, which high clergy, with rare exceptions, had been Greek. Considering this very fact, the church here, had not been in position of central institution able to build the national identity and to organize the national movement, something that had been possible for the other churches. Thus, Macedonian national movement in its very beginning had secular character.*